## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за внатрешни работи |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција |
| Одговорно лице и контакт информации: | Весна Доревска, помошник на министерот во Секторот за правни работи и управување со човечки ресурси<br>Тел. 02/3 14 30 26 |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☐Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☒Друго |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 02 јули 2015 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), нормативно-правно се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи. Поаѓајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој меѓу другото претпоставува и прецизни нормативни решенија, Министерството за внатрешни работи пристапи кон допрецизирање на одредбата од Законот за полиција со кои се уредува употребата на технички средства за видео снимање.

Имено, со членот 93-а предвиден со последните измени и дополнувања на Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр. 33/15), се уредува можноста Полицијата да употреби технички средства за видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема конкретно дејствие во рамки на примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници. Снимениот материјал треба да овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување на припадниците на Министерството за внатрешни работи при примената на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција. Со видео записот на начинот на кој е преземено полициското дејствие ќе се спречи можноста од евентуални злоупотреби односно пречекорување на овластувањата од страна на полициските службеници, односно ќе се овозможи соодветно оценување на основаноста, оправданоста и легитимноста при примената на полициските овластувања, што секако е во функција на обезбедување повисок степен на заштита на човековите права и слободи. Снимениот материјал е предвидено да се чува во Полицијата шест месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој е предвидено да се постапува во согласност со закон.

### *1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Во процесот на преземање на активностите за практична имплементација на членот 93-а од Законот за полиција, од страна на надлежните експерти беше укажано на потребата од допрецизирање на термините „видео снимање“ односно „видео запис“ со конкретно и нормативно прецизирање на „аудио“ сегментот, како и скратување на временскиот рок предвиден за чување на снимениот материјал во Министерството за внатрешни работи.

Ревидирањето на предметната одредба со нејзиното допрезицирање ќе овозможи доследна практична имплементација.

## 2. Цели на предлог регулативата

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција има за цел допрецизирање на конкретна одредба, со што ќе се овозможи нејзина соодветна практична имплементација.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1 Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се интервенира во предметниот закон, ќе се оневозможи правилна и доследна примена на постојните законски решенија во делот на преземање конкретни дејствија во рамки на полициските овластувања, што негативно може да се одрази во процесот на нивната практична имплементација.

### *3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција се предлагаат законски решенија насочени кон нормирање на одредени прашања, содржинско допрецизирање на одредени одредби од предметниот закон, со што ќе се овозможи и нивна доследна практична имплементација.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

***Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:***

### *4.1 Економски влијанија*

Понудената опција нема да предизвика трошоци за економијата во областа на вработувањето и конкурентноста. Со оглед дека се работи за права и должности на вработени во Министерството за внатрешни работи, понуденото решение нема да има влијание вра малите и средни претпријатија и други економски субјекти.

### *4.2 Фискални влијанија*

За усвојување на предложениот закон не се потребни дополнителни финанисиски средства.

### *4.3 Социјални влијанија*

Предложениот закон нема влијание врз намалување на сиромаштијата, заштитата и унапредувањето на здравјето, заштитата и унапредувањето на човековите права и родовата еднаквост, заштита на ранливите групи и обесправените.

### *4.4 Влијанија врз животната средина*

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција нема да се влијае врз воздухот, почвата, нема да има ефект на стаклена градина, бучава, био-диверзитет, а со тоа што нема влијание врз наведените делови на природата, нема да има ниту директно или индиректно влијание врз здравјето на луѓето.

### *4.5 Административни влијанија и трошоци –*

***а) трошоци за спроведување***

Со предложениот закон не се предвидува воспоставување на нови органи, односно нова институција, ниту пак се прошируваат надлежностите и организацијата на Министерството за внатрешни работи. За имплементација на наведениот закон, не се потребни нови човечки ресурси и нивна обука, ниту пак дополнителни инвестиции во канцелариски простор, опрема и слично.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција не содржи предлози за воведување на нови административни оптоварувања, формалности и трошоци, односно не се предвидени нови трошоци за издавање на лиценци, дозволи и друго за правните и физичките лица, со што не се влијае врз конкурентноста.

## 5. Консултации

### *5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

За време на подготвувањето на предлогот на закон и проценката на влијанието на регулативата консултирани се вработените на Министерството за внатрешни работи преку објавување на предлогот на закон на веб страницата на Министерството и на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР).

### *5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

Предлогот на закон ќе биде доставен на мислење до Секретаријатот за законодавство, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за финансии и Дирекцијата за заштита на лични податоци.

### *5.3 Мислења кои не биле земени предвид и зошто*

Оваа рубрика ќе биде пополнета по завршување на процесот на влијание на регулативата во рамки на Предлог-Извештајот за ПВР

## 6. Заклучоци и препорачано решение

Поаѓајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој меѓу другото претпоставува и прецизни нормативни решенија, се предлага допрецизирање на одредбата на членот 93-а од Законот за полиција, со која се уредува можноста Полицијата да употреби технички средства за видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема конкретно дејствие во рамки на примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници. Во процесот на подготовка за практична имплементација на предметната одредба, од страна на надлежните експерти беше укажано на потребата од допрецизирање на термините „видео снимање“ односно „видео запис“ со конкретно и нормативно прецизирање на „аудио“ сегментот, како и скратување на временскиот рок предвиден за чување на сниментот материјал во Министерството за внатрешни работи. За таа цел, се предлага допрецизирање на предметниот член, со цел да се овозможи негова доследна практична имплементација.

### *6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Позитивните влијанија на предложеното решение за содржинско допрецизирање на одредбата за употреба на средства за видео снимање, се состојат во придобивките од доследното нормирање на законските решенија за предметното прашање. Дополнително, во прилог на предложените законски

решенија се аргументите во однос на потребата за соодветна и правилна практична имплементација на членот 93-а од Законот за полиција.

Решението „не прави ништо" има само негативно влијание. Имено, доколку не се изврши содржинско допрецизирање на предметното прашање, ќе остане ризикот од несоодветна и неправилна примена на членот 93-а од Законот за полиција, односно ќе се доведе во прашање регулирањето на одредени значајни сегменти во областа на полициското работење, што секако негативно ќе се одрази врз практичната имплементација на прописот, воопшто.

### *6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

При спроведувањето и примената на предложените законски решенија, постојат ризици во однос на неможноста истите целосно да се имплементираат, да не се надминат утврдените проблеми, како и да не се исполнат потребните предуслови предвидени за практична имплементација на одредбите.

### *6.3 Препорачано решение со образложение*

Предложениот закон содржи решенија кои имаат за цел содржинско допрецизирање на одредбата на членот 93-а од Законот за полиција, со која се уредува можноста за употреба на технички средства за видео снимање, со цел да се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема конкретно дејствие во рамки на примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници. Снимениот материјал треба да овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување на припадниците на Министерството за внатрешни работи при примената на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција. Согласно укажувањата на надлежните експерти за потребата од соодветно допрецизирање на терминот „видео материјал" односно „видео запис", преку негово дополнување со „аудио" сегментот, ќе се овозможи целосно нормирање на терминот „снимен материјал", со значењето кое истиот го има од аспект на аудио и видео снимање.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Предложените решенија во Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција не имплицира конкретни измени во други законски прописи.

### *7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

За имплементација на предложените решенија, не е потребно донесување на подзаконски акти односно ревидирање на постојните подзаконски прописи.

### *7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Министерство за внатрешни работи

### *7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Ефикасното спроведување на предложените законски решенија, ќе се обезбеди преку координирани и континуирани сеопфатни активности на Министерството за внатрешни работи, насочени кон следење и детектирање на евентуалните практични недоследности и проблеми.

## 8. Следење и евалуација

### *8.1 Начин на следење на спроведувањето*

Министерството за внатрешни работи ќе преземе соодветни активности за следење и евалуација на спроведувањето на предметниот закон и исполнувањето на обврските кои произлегуваат од одредбите на предложениот закон.

### *8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Министерството за внатрешни работи континуирано ќе ги следи ефектите од предложениот закон.

**Изјава од државниот секретар**

**Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.**

**Датум: ________** **.................................................**

**потпис на државен секретар**

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:_____________** **...........................................**

**потпис на министерот**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# П Р Е Д Л О Г Н А З А К О Н
# З А И З М Е Н У В А Њ Е И Д О П О Л Н У В А Њ Е
# Н А З А К О Н О Т З А П О Л И Ц И Ј А

Скопје, јули 2015 година

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), нормативно правно се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Содржински, Законот за полиција е поделен во VIII глави: општи одредби, полициски работи, организација на Полицијата, полициски овластувања, работни односи, резервен состав на Полицијата, овластување за подзаконски прописи и преодни и завршни одредби.

Поаѓајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој меѓу другото претпоставува прецизни нормативни решенија, Министерството за внатрешни работи пристапи кон допрецизирање на одредбата од Законот за полиција со која се уредува употребата на технички средства за видео снимање.

Имено, со членот 93-а предвиден со последните измени и дополнувања на Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр. 33/15), се уредува можноста Полицијата да употреби технички средства за видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема конкретно дејствие во рамки на примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници. Снимениот материјал треба да овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување на припадниците на Министерството за внатрешни работи при примената на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција. Со видео записот на начинот на кој е преземено полициското дејствие ќе се спречи можноста од евентуални злоупотреби односно пречекорување на овластувањата од страна на полициските службеници, односно ќе се овозможи соодветно оценување на основаноста, оправданоста и легитимноста при примената на полициските овластувања, што секако е во функција на обезбедување повисок степен на заштита на човековите права и слободи. Снимениот материјал е предвидено да се чува во Полицијата шест месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој е предвидено да се постапува во согласност со закон.

Содржината на предметниот член произлегува од Проектот на Европската унија „Градење на капацитетите на институции кои што го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица“, чија имплементација ќе се овозможи преку воспоставувањето формално-правна основа во Законот за полиција.

Во процесот на преземање на активностите за практична имплементација на членот 93-а од Законот за полиција, од страна на надлежните експерти беше укажано на потребата од допрецизирање на термините „видео снимање“ односно „видео запис“ со конкретно и нормативно прецизирање на „аудио“ сегментот, како и скратување на временскиот рок предвиден за чување на снимениот материјал во Министерството за внатрешни работи.

Ревидирањето на предметната одредба со нејзиното допрезицирање ќе овозможи доследна практична имплементација.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција се заснова врз истите начела врз кои е заснован Законот за полиција.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА

**Член 1**

Во Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), во насловот на точката „20. Употреба на технички средства за видео снимање“ по зборовите „средства за“ се додаваат зборовите „аудио и“.

**Член 2**

Во член 93-а во ставот (1) по зборовите „средства за“ се додаваат зборовите „аудио и“ и зборовите „(видео запис)“ се заменуваат со зборовите „(аудио и видео запис)“.

Во ставот (3) зборовите „шест месеци“ се заменуваат со зборовите „45 дена“.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија” бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14 и 33/15), нормативно правно се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи, што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Поаѓајќи од принципот на конзистетност на правниот систем, кој меѓу другото претпоставува прецизни нормативни решенија, Министерството за внатрешни работи пристапи кон допрецизирање на одредбите од Законот за полиција со кои се уредуваат прашањата за примена на полициските овластувања, особено употребата на технички средства за видео снимање.

Имено, со членот 93-а предвиден со последните измени и дополнувања на Законот за полиција („Службен весник на РМ“ бр. 33/15), се уредува можноста Полицијата да употреби технички средства за видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема конкретно дејствие во рамки на примената на полициските овластувања од страна на полициските службеници. Снимениот материјал треба да овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување на припадниците на Министерството за внатрешни работи при примената на полициските овластувања утврдени со Законот за полиција. Со видео записот на начинот на кој е преземено полициското дејствие ќе се спречи можноста од евентуални злоупотреби односно пречекорување на овластувањата од страна на полициските службеници, односно ќе се овозможи соодветно оценување на основаноста, оправданоста и легитимноста при примената на полициските овластувања, што секако е во функција на обезбедување повисок степен на заштита на човековите права и слободи. Снимениот материјал е предвидено да се чува во Полицијата шест месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој е предвидено да се постапува во согласност со закон.

Содржината на предметниот член произлегува од Проектот на Европската унија „Градење на капацитетите на институции кои што го спроведуваат законот за соодветен третман на задржани и притворени лица“, чија имплементација ќе се овозможи преку воспоставувањето формално-правна основа во Законот за полиција.

Во процесот на преземање на активностите за практична имплементација на членот 93-а од Законот за полиција, од страна на надлежните експерти беше укажано на потребата од допрецизирање на термините „видео снимање“ односно „видео запис“ со конкретно и нормативно прецизирање на „аудио“ сегментот, како и скратување на временскиот рок предвиден за чување на снимениот материјал во Министерството за внатрешни работи.

Предложениот закон содржи решенија кои имаат за цел нормативно допрецизирање на решенијата предвидени во членот 93-а со што ќе се овозможи и нивна доследна практична имплементација.

Со членот 1 од Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, се врши изменување на насловот на точката „20. Употреба на технички средства за видео снимање“ на начин што по зборовите „средства за“ се додаваат зборовите „аудио и“.

Членот 2 од предложениот закон, предвидува ревидирање на членот 93-а во смисла на допрецизирање на техничките средства кои треба да бидат наменети освен за видео и за аудио снимање со што ќе се обезбеди не снимен материјал (аудио и видео запис).

Во истиот член, предвидено е и ревидирање на временскиот рок утврден за чување на снимениот материјал и тоа од постојните шест месеци на 45 дена.

Членот 3 го предвидува влегувањето во сила на овој закон и тоа осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените изменувања и дополнувања имаат за цел содржинско допрецизирање на одредбата од Законот за полиција во делот на употреба на технички средства за видео снимање, со што ќе се овозможи нејзина соодветна практична имплементација.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со усвојување на предложените решенија ќе се постигне допрецизирање на содржаните законски решенија во делот на употребата на технички средства за видео снимање.

Во тоа се состојат и придобивките од предложените решенија, како соодветно и прецизно нормирање на законските решенија за предметното прашање, што би овозможило доследна практична имплементација предметната одредба од Законот за полиција.

## IV. ТЕЗИ НА ПОДЗАКОНСКИ АКТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ

Донесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за полиција не имплицира донесување на нови подзаконски акти.

**И З В О Д**
**НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПОЛИЦИЈА ШТО СЕ МЕНУВААТ**

**20. Употреба на технички средства за видео снимање**
**Член 93-а**

(1) При преземање на дејствија во рамки на полициските овластувања, Полицијата може да употреби технички средства за видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (видео запис) за начинот на кој се презема дејствието од страна на полициските службеници.

(2) Снимениот материјал од ставот (1) на овој член, ќе овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување при примената на полициските овластувања утврдени со овој закон.

(3) Снимениот материјал од ставот (1) на овој член, се чува во Полицијата шест месеци, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.